Дневник

# МЕТРОПОЛА

Петок, 16 октомври 2009 ■ Страница 33

## Германската култура на јадење во „Дивино“

Германската култура на јадење ќе биде презентирана денеска и утре во ресторанитe „Дивино“ во рамките на проектот Германски недели во Македонија. Во двата ресторана на „Дивино“ во Центар и во Аеродром граѓаните ќе имаат можност да вкусат типични германски јадења од различни региони. За првите 100 гости следува посебно изненадување, преку кое германската култура и обичаи уште повеќе ќе им се доближат на македонските граѓани.

Обучените готвачи на присутните гости ќе им ги презентираат своите кулинарски способности преку понуда на две комплетни менија зготвени според врвните германски рецепти. Германската кујна, попозната како „стилско готвење“, е адаптирана на здравите трендови во исхраната и е карактеристична по обилноста на порциите. Таа изобилува со специјалитети чии состојки се „пикантерија“, различна за традиционалните кујни на секоја од 16-те германски провинции.

Германските недели во Македонија се одржуваат во знак на германско- македонското пријателство, во организација на германската амбасада и Гете институтот. Дополнителен повод за одржувањето на оваа манифестација се двата јубилеја - дваесетгодишнината од падот на Берлинскиот ѕид и шеесеттиот роденден на Сојузна Република Германија.

# Крст нацртан на плоштадот



Фото: Бисера Станкоска

**Непознати сторители во текот на предминатата ноќ со жолта боја нацртале крст на плоштадот Македонија, на местото каде што треба да се изгради црквата „Свети Константин и Елена“. Од Градот Скопје велат дека не знаат кој го нацртал крстот и не коментираат ништо повеќе за случајот. Тие испратија екипи на Јавното претпријатие „Улици и патишта“, кои вчера напладне со сива боја го покрија цртежот. На просторот помеѓу „Сити галери“ и ресторанот „Дал мет фу“, според детаљниот урбанистички план е предвидена изградба на црква. Земјиштето од летово е во сопственост на МПЦ. Од Скопската епархија не беа запознаени со случајот. Прота Коста Станоевски само кусо прокоментира дека „во градот се прави сешто“.**